# З А П И С Н И К
**од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.6.2018 година**

**Скопје, јуни 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26. 6.2018 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа членовите на Владата на Република Македонија, Рената Дескоска, министерка за правда, Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Асим Муса, заменик на министерот за здравство, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски и Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи и Анита Јованова, претставничка од АД МЕПСО.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, Никола Димитров, министер за надворешни работи, Крешник Бектеши, министер за економија, Венко Филипче, министер за здравство, Арбер Адеми, министер за образование и наука, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и

администрација, Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**-Усвојување на Записникот од 70-та седница на Владата, одржана на 29.5.2018 година**
**-Усвојување на Записникот од 71-та седница на Владата, одржана на 5.6.2018 година**

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна сметка и Извештај за работењето за 2017 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со Извештај на независни ревизори, со биланс на успех, извештај на паричните токови, белешки на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2017 година, со Предлог-одлука и дополнувања кон материјалот

2. Барање нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Македонија, со Предлог – одлука

3. Информација за проекти во реализација на АД МЕПСО кои не се во функција на дејноста на Друштвото

4. Информација за Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово”, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“, Тарифникот на

основачот на ТИРЗ „Струмица“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица“, Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница“ и Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона, со Предлог-одлуки

5. Извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во 2017 година

6. Информација со новите текстови на Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој, Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, со Предлог–одлуки

7. Информација со Предлог–решение за утврдување на висина на надоместокот на претседателот и на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој

8. Годишен деловен и финансиски извештај за работењето на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија за 2017 година

**б) Економски систем и тековна економска политика**

9. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

10. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2019 година

11. Информација за задолжување на Општина Струмица кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Договор за кредит и Предлог-одлука

12. Информација за задолжување на Општина Струмица кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Струмица со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

13. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Долно Поле“ с. Прибачево, Општина Кочани, „Орловец“ Општина Куманово и „Самаци“ Општина Брвеница, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр.44-2477/1 од 29.5.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/2018), со Предлог – решение

14. Информација во врска со потпишување договор за реализација на проект со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите Нации, со Предлог – договор

**в) Политички систем**

15. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Заедничка декларација за намера на македонската Влада, застапувана од македонското Министерство за внатрешни работи и Сојузното министерство за сообраќај и дигитална инфраструктура на Сојузна Република Германија за процедури за замена на возачки дозволи

16. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија за соработка во борбата против тероризмот, со текст на Меморандум

17. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јануари - март 2018 година

18. Информација во врска со преземените активности од страна на Националниот совет за ИКТ, заклучно со 30.5.2018 година, со Предлог-решение за формирање на работна група

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

19. Информација за потребата од потпишување на Европската конвенција за копродукција во кинематографијата (ревидирана), со текст на Европската конвенција за копродукција во кинематографијата (ревидирана)

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

20. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за труд и социјална политика

21. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници

22. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

**б) Политички систем**

23. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Центарот за современа ликовна уметност – Прилеп

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

25. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, поднесен од група пратеници

26. Предлог-закон за изменување на Законот за инспекциски надзор, поднесен од група пратеници

27. Барање за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со член 15 став (4) алинеи 3, 4 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/2015), поднесено од градоначалникот на Општина Ново Село

28. Барање за давање на автентично толкување на членовите 21, 22 и 23 од Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2011, 41/2014 и 145/2015), поднесено од претседателот на Советот на Општина Прилеп

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

29. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.55/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 95, член 99 став 1 алинеја 2, член 99 став 1 во целина, член 107 став 5 во делот: „до второстепениот орган“, член 114 став 1 во делот: „кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол“ и член 119 став 1 во делот: „посебна организациона единица или колегијално тело на јавниот орган“ од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), поднесена од Игорчо Точев од Кочани

30. Иницијатива за оценување на уставноста на член 438 став 4 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015) поднесена од Петар Баришиќ од Скопје

31. Иницијатива поднесена од Златко Николовски, Верица Синадиновска и Ристо Папазов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.29/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 104 став 2 во делот: „доколку со закон поинаку не е утврдено“ од Законот за работните односи и член 18 став 1 точка 6 во делот: „или наврши 64 години возраст“ од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016)

32. Иницијатива за оценување на уставноста на член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република

Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016), поднесена од Александар Каровски од Скопје

33. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2668 за КО Глуво Бразда на КП бр. 3389 и КП бр. 2656, место викано Под Црква

34. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6275 за КО Маџари на КП бр. 130, викано место/улица Б. Стефковски

35. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под број И.бр.250/18 и Заклучокот за утврдување на вредност на недвижност под бр.250/18

36. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност доставен под И. бр 339/17

37. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување, под И.бр. 247/18

**д) други предлози**

38. Кадровски прашања

39. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

40. Информација за прогресот на активности во реализацијата на проектот „Надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце“

41. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници – Транспорт АД – Скопје за период 1.10.– 31.12.2017 година

42. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2018 година, со табеларен приказ

43. Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во трет квартал (јули - септември) од 2017 година, со дополнување кон материјалот

44. Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во четврт квартал (октомври-декември) од 2017 година

45. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

46. Информација за реализација на активностите за изградба на фекална канализација во населено место Сопиште и на локалитетот Сончев град и одведување на урбаните

отпадни води кон постојните канализациски мрежи во Општина Кисела Вода и Општина Аеродром

**47.** Информација за прогрес на активностите за реализација на активностите за изградба на системот за водоснабдување за дел од населените места во Општина Сопиште-Регионален водовод Патишка Река

**48.** Информација за реализација на активностите за доизградба на канализациона мрежа во Ѓорче Петров

**49.** Извештај на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема (ВВО) за 2017 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

**50.** Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2017 година

**51.** Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Брест Општина Штип, КО Дамјан Општина Радовиш, КО Долна Враштица и КО Горна Враштица Општина Конче, со Предлог-одлука

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 70-та седница, одржана на 29.5.2018 година и 71-та седница, одржана на 6.6.2018 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Годишната сметка и Извештајот за работењето за 2017 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со Извештај на независни ревизори, со биланс на успех, извештај на паричните токови, белешки на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2017 година, со Предлог-одлука и дополнувањата кон материјалот ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2017 година.

**Точка 2**

Владата по Барањето нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Македонија, со Предлог – одлука го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие „Македонијапат“ – Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акцизата и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие „Македонијапат“ – Скопје.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за проекти во реализација на АД МЕПСО кои не се во функција на дејноста на Друштвото и заклучи АД МЕПСО повеќе да не доставува информации за статусот на проектите:

-Изградба на ски патеки на планините Голак, Плачковица и Берово односно да престанат да важат заклучоците од 156-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.9.2013 година, од 164-та седница, одржана на 29.10.2013 година и од 136-та седница, одржана на 12.1.2016 година,

-Изработка на Проектна документација, Физибилити студија и Мастер план за изградба на Ски центар на планината Јабланица преку јавно приватно партнерство, односно да престанат да важат заклучоците од 154-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.9.2013 година, 156-та седница, одржана на 18.9.2013 година и од 57-та седница, одржана на 24.2.2015 година,

-Изработка на Физибилити студија и Мастер план за развој и изградба на ски центар во Националниот Парк Галичица, односно да престанат да важат заклучоците од 182-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.1.2014 година и од 209-та седница, одржана на 27.5.2014 година,

-Изградба на Национална галерија во Скопје, односно да престане да важи Заклучокот од 19-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.4.2016 година,

-Изградба на марина во Охрид, односно да престане да важи Заклучокот од 110-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 6.10.2015 година и

-Изградба на пешачка патека од плоштадот во Охрид до плажа Канео, односно да престане да важи Заклучокот од 110-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 6.10.2015 година.

Исто така, Владата заклучи изработените основни проекти, физибилити студии или мастер-планови, кои се изработени од АД МЕПСО, органите на управување на АД МЕПСО да ги достават на општините, соодветно на територијата на која општина се однесува проектот.

Општините да бидат запознаени дека овие проекти се ставаат на нивно располагање и евентуално понатамошно реализирање и да се бараат потенцијални инвеститори за финансирање на истите.

Притоа, при евентуална понатамошна реализација на проектите, да се има предвид фактот дека дел од овие проекти не можат да се реализираат поради еколошки аспекти/причини.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струмица" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица", Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница" и Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона, со предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1", во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2", во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево", во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга", во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ "Берово" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ "Берово" во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево", во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“, во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“, во предложениот текст.

9. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“, во предложениот текст.

10. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“, во предложениот текст.

11. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струмица“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица“, во предложениот текст.

12. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница“, во предложениот текст.

13. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во 2017 година.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата со новите текстови на Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој, Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог – решение за утврдување на висина на надоместокот на претседателот и на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за утврдување на висина на надоместок на претседателот и на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа и усвои Годишниот деловен и финансиски извештај за работењето на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија за 2017 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година и ја донесе Уредбата, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Струмица кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Договор за кредит и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Струмица со долгорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Струмица кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Струмица со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Струмица со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални

суровини на локалитетите „Долно Поле“ с.Прибачево, Општина Кочани, „Орловец“ Општина Куманово и „Самаци“ Општина Брвеница, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр.44-2477/1 од 29.5.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/2018), со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување договор за реализација на проект со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите Нации, со Предлог – договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за реализација на проектот Поддршка за менаџирање на ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите Нации.

2. Се овластува Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд (Focal Point) да го потпише Договорот за реализација на проектот: Поддршка за менаџирање на ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите Нации, со размена на писмо.

## Точка 15

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Заедничка декларација за намера на македонската Влада, застапувана од македонското Министерство за внатрешни работи и Сојузното министерство за сообраќај и дигитална инфраструктура на Сојузна Република Германија за процедури за замена на возачки дозволи (нов текст) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Заедничката декларација за намера на македонската Влада, застапувана од македонското Министерство за внатрешни работи и Сојузното министерство за сообраќај и дигитална инфраструктура на Сојузна Република Германија за процедури за замена на возачки дозволи.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, да ја потпише Заедничката декларација за намера на македонската Влада, застапувана од македонското Министерство за внатрешни работи и Сојузното министерство за сообраќај и дигитална инфраструктура на Сојузна Република Германија за процедури за замена на возачки дозволи.

## Точка 16

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија за соработка во борбата против тероризмот, со текст на Меморандум (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија за соработка во борбата против тероризмот.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија за соработка во борбата против тероризмот.

3. Се овластува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, по пат на размена на писма да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија за соработка во борбата против тероризмот.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јануари - март 2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, Министерството за здравство и Министерството за образование и наука - Државниот просветен инспекторат, а се укажува на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, ЕВН Македонија-Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија – Скопје и ЈРП Македонска радио телевизија, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Македонија во текот на јануари, февруари и март 2018 година, по кои сé уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител на Република Македонија и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за месеците април, мај и јуни 2018 година, во рок од пет дена да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител на Република Македонија.

**Точка 18**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со преземените активности од страна на Националниот совет за ИКТ, заклучно со 30.5.2018 година, со Предлог-решение за формирање на работна група, откако претходно ќе се

разгледа на седниците на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од потпишување на Европската конвенција за копродукција во кинематографијата (ревидирана), со текст на Европската конвенција за копродукција во кинематографијата (ревидирана) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Европската конвенција за копродукција во кинематографијата (ревидирана).

2. Се определува министерот за надворешни работи, Никола Димитров, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Европската конвенција за копродукција во кинематографијата (ревидирана).

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за труд и социјална политика (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници, во предложениот текст.

Исто така, Владата ги задолжи Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, во соработка со имплементаторите на оваа активност, да подготват и достават акциски план за спроведување на овој проект.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Центарот за современа ликовна уметност – Прилеп, за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде

разгледана на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот.

**Точка 25**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и 10.000 избирачи, така што законот е предложен од овластен предлагач.

Од формално-правен аспект се укажува дека во членот 3 од Предлог-законот со кој се предлага нов член 98-в став (3) во Законот за земјоделство и рурален развој, треба да изостане, имајќи предвид дека согласно член 35 од Законот за Владата на Република Македонија, Владата не донесува Правилник како вид на подзаконски акт дотолку повеќе што условите, критериумите и висината на помошта за субвенционирање на каматната стапка на годишно ниво претставува законска материја која не може да биде предмет на уредување со подзаконски акт.

Исто така, во врска предлогот за дополнување со нов член 98-в, кој се однесува на субвенционирање на каматната стапка се смета дека ваквото проширување на поддршката, односно помошта за субвенционирање на каматната стапка за заштита на пазарот од нарушувања на понудата и побарувачката и цените на земјоделските производи потребно е да се направи дополнителна анализа на фискалните импликации кои може да бидат предизвикани од истата и од каде би се обезбедиле средствата, како и да се дефинираат условите и критериумите, во самиот закон, како би можел истиот да биде имплементиран.

Имајќи го предвид горенаведното предложените измени ќе предизвикаат фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

По однос на измената на ставот (4) од член 31 од Законот за земјоделство и рурален развој, која се однесува на задолжителното истакнување на цените на откупните места пред започнувањето на откупот на земјоделските производи, да се зголеми од најмалку десет дена на најмалку 15 дена, се смета дека предложеното зголемување на бројот на денови нема да има значително влијание во реализацијата на откупот на земјоделски производи.

По однос на измената на ставот (5) од истиот член, а се однесува на склучувањето на писмен договор за откуп за производната година, со кој се брише периодот и минималната реализирана количина, треба да се направи дополнителна анализа, а со цел да не се загрози состојбата со откупот.

Во врска со измената на ставот (6), алинеи 2 и 3 треба да се има предвид дека за воведување на нов механизам за исплата на откупените количини со банкарска гаранција за планираните количини на откуп на земјоделски производи треба да бидат консултирани потсекторските постојани групи формирани за уредување на земјоделски пазари на одделни земјоделски производи или групи на производи кои ги утврдуваат количините на

понудата и побарувачката и опсегот на откупните цени на земјоделски производи за тековната производна година или производна сезона.

Измената на ставот (5) од член 32 од истиот закон каде се предлага рокот на исплата на остаток од вредноста да не е подолг од 90 дена од денот на откупот е изменет и објавен во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 53/2016.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија, му предлага на Собранието на Република Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 26**

Владата го симна од Дневен ред Предлог – законот за изменување на Законот за инспекциски надзор, поднесен од група пратеници, бидејќи истиот е разгледан на седница на Собранието на Република Македонија.

**Точка 27**

Владата по Барањето за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со член 15 став (4) алинеи 3, 4 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/2015), поднесено од градоначалникот на Општина Ново Село, го задолжи Министерството за транспорт и врски да достави мислење по барањето и притоа ако е со предлог дека нема потреба од автентично толкување истото како мислење на Владата да се достави до Собранието на Република Македонија.

**Точка 28**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членовите 21, 22 и 23 од Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2011, 41/2014 и 145/2015), поднесено од претседателот на Советот на Општина Прилеп и притоа го утврди следново мислење:

Членовите 21, 22 и 23 од Законот за отворените граѓански универзитет за доживотно учење се преодни одредби и со истите се уредува дека:

„Член 21

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон постојните работнички и народни универзитети продолжуваат со работа како отворени граѓански универзитети за доживотно учење на општините и на градот Скопје.

(2) Ако општините и градот Скопје со одлука не ги преземат отворените граѓански универзитети за доживотно учење, постојните работнички и народни универзитети можат да се трансформираат во приватни установи согласно со одредбите за трансформација на јавна установа во приватна установа согласно со Законот за установите, водејќи сметка при процена на вредноста на објектите и имотот на постојните работнички и народни универзитети, вложените средства од вработените стекнати од самофинансирање да се сметаат за вложен капитал на вработените кои ќе бидат земени предвид при самата процена.

Член 22

Објектите и имотот на постојните работнички и народни универзитети, кои се во сопственост на Република Македонија, со одлука на Владата на Република Македонија ги преземаат општините за отворените граѓански универзитети за доживотно учење на своите подрачја под услов да продолжат да ја остваруваат дејноста за која се основани.

Член 23

Постојните работнички и народни универзитети во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ја усогласува својата организација, работа, статут и други акти со овој закон.“

Членовите 21, 22 и 23 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење се во насока дека постојните работнички и народни универзитети продолжуваат со работа како отворени граѓански универзитети за доживотно учење на општините и на градот Скопје. Исто така, регулирана е и постапката доколку општините и градот Скопје со одлука не ги преземат отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Во тој случај постојните работнички и народни универзитети можат да се трансформираат во приватни установи согласно со одредбите за трансформација на јавна установа во приватна установа согласно со Законот за установите, водејќи сметка при процена на вредноста на објектите и имотот на постојните работнички и народни универзитети, вложените средства од вработените стекнати од самофинансирање да се сметаат за вложен капитал на вработените кои ќе бидат земени предвид при самата процена. Доколку општините и на градот Скопје ги преземаат отворените граѓански универзитети за доживотно учење на своите подрачја, услов е истите да продолжат да ја остваруваат дејноста за која се основани. Во членот 23 е уреден рокот од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, во кој рок постојните работнички и народни универзитети се должни да ја усогласат својата организација, работа, статут и други акти со овој закон.

Согласно наведените членови од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, нема утврдено рок во кој од општините и градот Скопје треба да ги преземат отворените граѓански универзитети за доживотно учење од своите подрачја, туку само е утврден рокот во кој постојните работнички и народни универзитети треба да ја усогласат својата организација, работа, статут и други акти со Законот за отворените граѓански универзитет за доживотно учење.

Имајќи предвид дека одредбите од членовите 21, 22 и 23 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011, 41/2014, 145/2015, 55/2016 и 64/2018), се прецизни и јасни, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија дека нема потреба од давање на автентично толкување на членовите 21, 22 и 23 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011, 41/2014, 145/2015, 55/2016 и 64/2018), поднесено од претседателот на Советот на Општина Прилеп.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.55/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 95, член

99 став 1 алинеја 2, член 99 став 1 во целина, член 107 став 5 во делот: „до второстепениот орган“, член 114 став 1 во делот: „кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол“ и член 119 став 1 во делот: „посебна организациона единица или колегијално тело на јавниот орган“ од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), поднесена од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 95, член 99 став 1 алинеја 2, член 99 став 1 во целина, член 107 став 5 во делот: „до второстепениот орган“, член 114 став 1 во делот: „кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол“ и член 119 став 1 во делот:„посебна организациона единица или колегијално тело на јавниот орган“ од Законот за општа управна постапка, како одредби со кои се повредуваат одредбите од член 9 став 1 алинеја 3 и Амандманот XXI став 2 од Уставот на Република Македонија.

Во Иницијативата подносителот, оспорува повеќе членови од Законот за општата управна постапка, при што наведува дека истите се недоречени, нејасни, непрецизни, двосмислени, со оспорените одредби се остава можност за арбитрерно толкување, контрадикторни и истите се спротивни на Уставот на Република Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓудругото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно Амандманот XXI став 2 од Уставот, правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечните правни акти донесени пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Согласно член 95 од став (1) Законот ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (во натамошниот текст: претходно прашање), јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката. Кога постапката по претходното прашање треба да се поведе на барање од странката, известувањето за прекинот на постапката исто така содржи и упатство за ова барање (2).

Согласно член 99 став 1 од Законот, Управниот договор склучен помеѓу јавниот орган и странката се поништува: ако не се исполнети со закон пропишаните услови за негово склучување или во случаите во кои согласно со овој Закон задолжително се поништува управен акт.

Во Иницијативата подносителот навел дека законодавецот во ниту една одредба не ги пропишал случаите кога задолжително се поништува управен акт, меѓутоа членот 117 и главата XIV од Законот се однесуваат токму на поништување на управните акти, а самото уредување на истото во текстот на законот, му налага задолжителен карактер.

Согласно член 107 став 1 од Законот, жалбата непосредно се поднесува на второстепениот орган, кој е должен наредниот ден во електронска форма да ја достави истата до првостепениот орган и да побара истиот во рок од седум дена да испита дали жалбата е

допуштена, навремена и изјавена од овластено лице. Ако жалбата му е предадена или испратена непосредно на првостепениот орган, тој во рок од седум дена ќе испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице став (2). Недопуштената, ненавремената или од неовластено лице изјавената жалба органот од прв степен ќе ја отфрли со управен акт, за што е должен во рок од седум дена во електронска форма да го извести второстепениот орган. Против управниот акт со кое е отфрлена жалбата врз основа на ставот (3) од овој член, странката има право на жалба став (3). Ако органот што решава по жалбата најде дека жалбата е оправдана, ќе реши истовремено и по жалбата што била отфрлена став (4). Кога првостепениот орган ќе утврди дека жалбата е допуштена и потполно оправдана, тој ќе го замени управниот акт што се побива со жалбата со нов акт и во рок од седум дена од приемот на жалбата во електронска форма ќе го достави управниот акт до второстепениот орган. Против новиот управен акт странката има право на жалба став (5).

Согласно член 114 став (1) од Законот, кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол, јавниот орган што го издал актот ја повторува постапката на барање од странката поради следните исклучителни причини: се дознае за нови факти, или се најде или се стекне можност да се употребат нови докази кои, сами или во врска со веќе изведените и употребените докази, би можеле да доведат до поинаков управен акт, ако тие факти, односно докази биле изнесени или употребени во поранешната постапка; управниот акт е донесен врз основа на лажна исправа или лажен исказ на сведок или вештак, или ако дошол како последица од некакво дело казниво според Кривичниот законик; управниот акт се заснова врз пресуда донесена во кривична постапка, а таа пресуда е правосилно укината; управниот акт е поволен за странката и е донесен врз основа на невистинити наводи на странката, со кои органот што ја водел постапката бил доведен во заблуда; управниот акт на органот што ја водел постапката се заснова врз некое претходно прашање, а надлежниот орган тоа прашање подоцна го решил поинаку во суштествените точки; во донесувањето на управниот акт учествувало службеното лице кое според законот морало да биде изземено; управниот акт го донело службеното лице на надлежниот орган што не било овластено за негово донесување; колегијалниот орган што го донел управниот акт не решавал во составот предвиден со важечките прописи или ако за управниот акт не гласало пропишаното мнозинство; на лицето кое требало да учествува во својство на странка не му била дадена можност да учествува во постапката и странката не ја застапувал застапникот по закон, а според законот требало да ја застапува. Постапката се повторува само ако странката, без своја вина, не била во состојба во поранешната управна постапка да ги изнесе причините поради кои бара повторување, особено по пат на правен лек, а ако некоја од овие причини би можела да доведе до издавање на поповолен управен акт, доколку тие биле изнесени во поранешната управна постапка став (2).

Со оспорената одредба подносителот на Иницијативата навел дека се ограничува можноста, а со тоа и се одзема правото и можноста странката да побара пред второстепен орган повторување на постапката, но законодавецот токму напротив и покрај пропуштање на рокот за поднесување на жалба предвидел повеќе ситуации односно стриктно ги набројал причините кога органот ќе ја повтори постапката и покрај тоа што рокот истекол, при што во целост се запазени одредбите од член 17 од Законот, односно не е доведено во прашање начелото на активна помош на странката пропишано со наведениот член.

Согласно член 119 став (1) од Законот, постапката по приговорот против реални акти или нивно пропуштање ја спроведува посебна организационата единица или колегијално тело на јавниот орган кој го издава реалниот акт.

Во членот 4 од Законот е утврдено дека „Реален акт“ е акт или дејствие на јавниот орган што не е управен акт или управен договор, што може да има правно дејство врз правата, обврските или правните интереси на некое лице, како што се јавните информации, примање изјави, водење евиденција, издавање уверенија, дејствија на извршување и други фактички дејствија.

Согласно член 14 од Законот, (1) Странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или реален акт согласно со законот. (2) Против првостепените управни акти странката има право на жалба во случаи утврдени со закон. (3) Во случаите од став (2) на овој член странката има право на жалба и доколку јавниот орган не постапил по барањето на странката во определениот рок. (4) Против реалните акти, како и дејствијата на давателите на услуги од општ интерес странката има право на приговор. (5) Против управните акти донесени во втор степен, како и против управните акти донесени во прв степен против кои не е дозволена жалба странката може да поведе управен спор.

Согласно наведените одредби произлегува дека законодавецот во законот го гарантирал правото на изјавување на правен лек, како и повеќестепеност на управната постапка, меѓутоа кога станува збор за реален акт предвидено е поднесување на приговор што не претставува одлучување во втор степен, односно истото не преставува правен лек, туку пропишана правна заштита во случај на акт или дејствие на јавниот орган што не е управен акт или управен договор при што на странката и се овозможува право да поднесе приговор, меѓутоа во никој случај не станува збор за одлучување во втор степен.

Имајќи ја предвид содржината на цитираните уставни и законски одредби, односно прашањата што истите ги уредуваат произлегува дека подносителот на предметната иницијатива не би требало да ги толкува оспорените законски одредби парцијално, односно одредбите од Законот би требало да се толкуваат и применуваат комплементарно како функционална нормативна правна целина.

Согласно наведеното, Владата на Република Македонија смета дека оспорените законски одредби се јасни, прецизни и недвосмислени, односно со истите не се нарушува темелната вредност на начелото на владеењето на правото на Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Македонија смета дека оспорените одредби од член 95, член 99 став 1 алинеја 2, член 99 став 1 во целина, член 107 став 5 во делот: „до второстепениот орган“, член 114 став 1 во делот: „кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол“ и член 119 став 1 во делот:„посебна организациона единица или колегијално тело на јавниот орган“ од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и Амандманот XXI став 2 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 95, член 99 став 1 алинеја 2, член 99 став 1 во целина, член 107 став 5 во делот: до второстепениот орган“, член 114 став 1 во делот: „кога рокот за поднесување жалба против управен акт истекол“ и член 119 став 1 во делот:„посебна организациона единица или колегијално тело на јавниот орган“ од наведениот закон.

## Точка 30

Владата ја разгледа Иницијативата за оценување на уставноста на член 438 став 4 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015) поднесена од Петар Баришиќ од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува еднаквоста на граѓаните пред Уставот, со оглед дека, како што наведува подносителот на Иницијативата, „граѓаните кои учествуваат во постапки од стопанските спорови со мала вредност се во повластена положба според закон, бидејќи се во можност да поднесат ревизија за преиначена првостепена одлука од страна на второстепениот суд, во однос на оние граѓани и правни лица чија пресуда е преиначена во постапка од мала вредност од второстепениот суд чија постапка е уредена со Глава „Дваесет и деветта“ од Законот за парничната постапка, чија ревизија се забранува.“

Исто така, подносителот навел дека оспорената одредба е во колизија со ставот (2) од членот 9 од Уставот на Република Македонија, односно дека граѓаните не се еднакви пред Закон за да изјават ревизија од спорови од мала вредност утврдени во Глава дваесет и деветта ПОСТАПКА ВО СПОРОВИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ и Глава триесет и прва ПОСТАПКА ВО СТОПАНСКИТЕ СПОРОВИ од Законот за парничната постапка.

Во член 8, став 1, во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија владеењето на правото е утврдено како една од темелните вредности на уставниот поредок.

Во член 9 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Во член 51, во ставот 1 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите“.

Во Амандманот XXI од Уставот е пропишано дека „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд“.

Согласно член 372 став (1) од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), против правосилна пресуда донесена во втор степен странките можат да изјават ревизија во рок од 30 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата.

Странките можат да изјават ревизија против второстепена пресуда, ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на пресудата надминува 1.000.000 денари (став 2).

По исклучок од ставот (2) на овој член, без оглед на вредноста на спорот, ревизијата секогаш е дозволена:

1) во спорови за издршка;

2) во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката;

3) во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос;

4) во спорови за заштита на авторско право освен за паричните побарувања по тој основ;

5) во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања освен за паричните побарувања по тие основи и

6) во спорови во кои во постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда (став 3).

Ревизијата по исклучок е дозволена и против второстепена пресуда против која не може да се изјави ревизија според ставот (2) од овој член, ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел, тоа го дозволил. Второстепениот суд може да дозволи ревизија со конкретизирање на опфатот на правното прашање кое би се покренало пред Врховниот суд на Република Македонија, ако оцени дека одлуката во спорот зависи од решавање на некое материјално-правно или процесно-правно прашање важно за обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската практика. Во образложението на пресудата второстепениот суд е должен да наведе заради кое правно прашање ја дозволил ревизијата и да ги наведе одлуките кои укажуваат на невоедначена примена на законот, како и да ги образложи причините поради кои смета дека ова е важно за обезбедување на единствена примена на закон и воедначување на судската практика (став 4).

Одредбите од ставовите (2) и (4) на овој член не се применуваат во оние спорови за кои со овој или со друг закон изрично е одредено дека за нив ревизија не е дозволена (став 5).

Согласно член 429 од Законот, ако во оваа глава не постојат посебни одредби, во постапката во споровите од мала вредност ќе се применуваат другите одредби на овој закон.

Согласно член 438 став (1) од Законот, пресудата или решението со кое се завршува спорот во постапката во споровите од мала вредност може да се побива само поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од членот 343 став (2) на овој закон, поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право.

Во постапката по повод жалба во споровите од мала вредност не се применуваат одредбите на членот 358 од овој закон (став 2).

Во постапката во споровите од мала вредност рокот за жалба, како и роковите од членот 314 став (2) и членот 328 став (1) на овој закон изнесува осум дена (став 3).

Во споровите од мала вредност не е дозволена ревизија против правосилна одлука на второстепениот суд (став 4).

Согласно член 465 од Законот, одредбите за постапка во стопанските спорови ќе се применуваат и кога во спорот, покрај лицата од членот 462 точка 1 и членот 464 на овој закон, како сопарничари од членот 186 став (1) точка 1 на овој закон учествуваат и други физички или правни лица.

Согласно член 469 став (2) од Законот, ревизија во стопанските спорови против второстепена правосилна пресуда секогаш е дозволена во споровите од членот 372 став (3) точки 4 и 5 на овој закон.

Поради специфичноста на постапката во спорови од мала вредност, содржана во оспорениот член 438 став (4), во оваа постапка се применуваат одредбите кои се предвидени за регулирање на оваа постапка, а по кои се разликува од општата парнична постапка, освен ако, согласно член 429 од Законот во Главата дваесет и деветта ПОСТАПКА ВО СПОРОВИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ не постојат посебни одредби, во постапката во споровите од мала вредност ќе се применуваат другите одредби на овој закон.

Во однос на изнесените наводи во Иницијативата за повреда на цитираните уставни одредби, се смета дека тие се неосновани од следниве причини:
Со Амандманот XXI од Уставот е пропишано правото на жалба против судска одлука донесена во прв степен. Имено, согласно оваа одредба, „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд“.

Наведената уставна гаранција е целосно испочитувана во Законот за парничната постапка, а законодавецот има право со посебни услови и критериуми (што и го сторил), да пропише во кои случаи странките имаат право да вложат одредени вонредни правни лекови кои се пропишани со Законот за парничната постапка, притоа гарантирајќи ја двостепеноста, односно правото на жалба (што е направено со соодветните одредби од ЗПП).

Од анализата на уставните и законските одредби, произлегува дека законодавецот со Законот за парничната постапка во посебна постапка ги уредил специфичностите на споровите од мала вредност, на начин кој ја овозможува брзината и ефикасноста на постапката, но и го обезбедува правото на жалба под условите и во рок определени со закон. Во однос на деловите на оваа посебна постапка за кои не е нешто друго определено, се применуваат одредбите од општата парнична постапка и така поставени, одредбите за постапката по спорови од мала вредност, немаат селективен пристап од аспект на членот 9 од Уставот, со оглед дека законските одредби се применуваат и треба да се гледаат во нивната примена комплементарно како функционална нормативно правна целина.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Македонија смета дека член 438, ставот 4 од Законот за парничната постапка не е во спротивност со Уставот на Република Македонија и наведената Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Македонија поднесената Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 31</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Златко Николовски, Верица Синадиновска и Ристо Папазов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.29/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 104 став 2 во делот: „доколку со закон поинаку не е утврдено“ од Законот за работните

односи и член 18 став 1 точка 6 во делот: „или наврши 64 години возраст“ од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за правда да подготви мислење и истото да го достави до Владата.

## Точка 32

Владата ја разгледа Иницијативата за оценување на уставноста на член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016), поднесена од Александар Каровски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016): „Кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, должни се најдоцна до 1 септември 2018 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор согласно одредбите од овој закон“.

Законодавецот, ценејќи дека постои потреба до дополнителна професионална и стручна едукација на кандидатите за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, започнувајќи од 2004 година врши изменување и дополнување на законите од областа на образованието со додавање на посебен услов кандидатите за директор да имаат положено испит за директор. Правото да држат подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор го стекнуваат установи акредитирани од Министерството за образование и наука, а испитот за директор се полага пред стручна комисија формирана од министерот, составена од претставници на стручните органи на Министерството и универзитетите. Постојните директори се должни во рок од една година од почетокот на примената на законите да положат испит за директор. Доколку постојните директори не го положат испитот за директор во утврдениот рок им престанува мандат на директор. До добивањето на акредитација на установите за подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор, подготовката на кандидатите за полагање на испит за директор ја вршеле субјекти определени од Министерството за образование и наука, избрани врз основа на јавен оглас, а согласно со потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и наука и United States Agency for International Development. Во наведениот период полагањето на испит за директор се спроведувало на начин и постапка утврдени со Правилникот за постапката и начинот на полагањето на испитот за директор на средното училиште, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2005), односно Правилникот за постапката и начинот на полагањето на испитот за директор на основно училиште, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2005). Составен дел на овие правилници се и Програмата за полагање на испит за директор на средно училиште, односно Програмата за полагање на испит за директор на основно училиште.

Во 2010 година донесени се Правилник за Програмата за подготовување и полагање испит за директори, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на јавно средно училиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/2010) и Правилник за Програмата за подготовување и полагање испит за директори, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на јавно средно училиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/2005). Подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор се спроведувала од страна на Државниот испитен центар.

Во 2015 година донесен е Законот за обука и испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016) и врз основа на овој закон донесена е Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 219/2015).

Согласно наведеното, од 2005 година до денешен период, обуката за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење се реализирала согласно повеќе законски и подзаконски акти, од различни акредитирани установи, од страна на Државниот испитен центар и според различни програми за обука на директори на основни и средни училишта, што предизвикува во праксата недоречености околу издадените уверенија за положен испит за директор, како и нивната валидност.

Од друга страна, важечката Програма за обука и испит на директори на основни и средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 219/2015) е осовременета и базирана на нови законски решенија, нови информатичко-компјутерски технологии при менаџирање во образованието, нови теории на организација во основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, претприемништвото и финансиите, за разлика од претходните програми за обука.

За таа цел, законодавецот со членот 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење предвидел решение дека кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, должни се најдоцна до 1 септември 2018 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор согласно одредбите од овој закон. Ова решение е заради доведување во иста правна положба на сите кандидати за директори кои се стекнале со уверение за положен испит за директор за основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, врз основа на различни законски и подзаконски акти во изминатиот период, со оглед дека сите кандидати за директори се подготвуваат според иста Програма за обука и испит на директори на основни и средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 219/2015) и сите полагаат според постапка утврдена во Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016).

Оваа одредба нема повратно дејство и не е во спротивност со членот 52 став 4 од Уставот на Република Македонија.

Од наведеното може да се утврди дека со членот 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016) не се врши повреда по ниту еден основ на членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 и членот 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната иницијатива.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2668 за КО Глуво Бразда на КП бр. 3389 и КП бр. 2656, место викано Под Црква и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6275 за КО Маџари на КП бр. 130, викано место/улица Б. Стефковски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 35**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под број И.бр.250/18 и Заклучокот за утврдување на вредност на недвижност под бр.250/18 и по Известувањето ги усвои мислењата што Министерството за земјоделство, шумарство и водостапанство и Министерството за транспорт и врски ќе ги достават до Владата.

**Точка 36**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност доставен под И. бр 339/17 и по Известувањето ги усвои мислењата што Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје ќе ги достават до Владата.

**Точка 37**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување, под И.бр. 247/18 и по Известувањето го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 38**

1. Владата го именува Димитар Гакев за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата донесе Решение за давање согласност на Одлуката за избор на директор на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, со која за директор на Институтот е избран д-р Бранислав Ристески, научен советник во Институтот.

3. Владата ја разреши Ружица Насковска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, поради судир на интереси.

4. Владата на Лидија Ѓошевска вршител на должноста директор на Државниот испитен центар и утврди право на надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци, сметано од 19.6.2018 година.

5. Владата за членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, ги именува:

- Билјана Симоновска и
- Катерина Трајковска.

6. Владата ја разреши Кики Цветкоска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Крушево, на нејзино барање.

7. Владата поради спојување на ЈЗУ Здравствен дом Дебар и ЈЗУ Општа болница Дебар во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност –Дебар им утврди престанок на мандат на членовите на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом- Дебар и тоа на:

- Фасет Моратоски,
- Бајрам Лата и
- Рамадан Имери.

8. Владата поради спојување на ЈЗУ Здравствен дом Дебар и ЈЗУ Општа болница Дебар во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност –Дебар им утврди престанок на мандат на членовите на Управниот одбор- претставници на основачот ЈЗУ Општа болница - Дебар и тоа на:

- Армин Незироски,
- Баки Османи и
- Авни Дураку.

9. Владата за членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Дебар, ги именува:

- Армин Незировски,
- Бајрам Лата и
- Рамадан Имери.

10. Владата го назначи Дарко Каевски претставник од Агенцијата за млади и спорт за член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

11. Владата ја именува Елисавета Секуловска за член на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на на работите на медијацијата од Комора на психолози на Република Македонија.

12. Владата го разреши Бесмал Шефити од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Тетово.

12.1. Владата го именува Невзат Елези за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Тетово.

13. Владата ја именува Атра Бина за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“ – Скопје.
14. Владата го именува Арменд Арслани за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија – Струга.

15. Владата го разреши Кујтим Незири од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Гостивар.

15.1. Владата го именува Дритон Зенку за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Гостивар.

16. Владата го разреши Менсур Ибрахими од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија.

16.1. Владата го именува Ирфан Хоџа за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија.

17. Владата ја разреши Дафинка Димитриевска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државен студентски дом „Скопје“-Скопје.

17.1. Владата го именува Орхан Рамадани за член на Управниот одбор -претставник на основачот на Државен студентски дом „Скопје“-Скопје.

18. Владата ја разреши Сашка Петровски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на Државен студентски дом „Пелагонија“ - Скопје.

18.1. Владата го именува Дритон Кадрија за член на Управниот одбор -претставник на основачот на Државен студентски дом „Пелагонија“ - Скопје.

19. Владата ја разреши Елена Велковска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски – Сениќ“ - Скопје.

19.1. Владата ја именува Џенета Асановска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски – Сениќ“ - Скопје.

20. Владата го разреши Назиф Џафери од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државниот музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски Луј“ – Скопје.

20.1. Владата го именува Месуд Јакупи за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државниот музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски Луј“ – Скопје.

21. Владата ја разреши Аниа Алии од должноста член на Училишниот одбор -претставник на основачот на ДМУ„Тодор Скаловски -Тетоец“ – Тетово.

21.1. Владата го именува Шериф Абдурамани за член на Училишниот одбор -претставник на основачот на ДМУ„Тодор Скаловски -Тетоец“ – Тетово.

22. Владата ја разреши Кристина Ѓуран од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државно средно училиште за применета уметност „Лазар Личеноски“ – Скопје.

22.1. Владата го именува Беким Ламалари за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државно средно училиште за применета уметност „Лазар Личеноски“ – Скопје.

23. Владата го разреши Томе Андоновски од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Спортската академија.

23.1. Владата го именува Лулзим Вранези за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Спортската академија.

24. Владата го именува Мухамед Рамадани за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Посебно основно училиште „Иднина“- Скопје.

25. Владата ја разреши Ружица Димовска од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Посебно основно училиште „д-р Златан Сремец“- Скопје.

25.1. Владата ја именува Кадрије Синани за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Посебно основно училиште „д-р Златан Сремец“- Скопје.

26. Владата го отповика Ѓорги Галетановски од должноста член на Надзорниот одбор на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје.

26.1. Владата го избра Горан Шумански за член на Надзорниот одбор на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје.

27. Владата ја разреши Кети Јанкоска од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид.

27.1. Владата ја именува Сиарта Ахмети за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид.

28. Владата го разреши Мухарем Имеровски од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово-Маврови Анови.

28.1. Владата го именува Гезим Шаќири за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово-Маврови Анови.

29. Владата го разреши Осман Мислими од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

30. Владата го именува Осман Мислими за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

31. Владата ја именува Емилија Галабовска Биљарска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип.

32. Владата го именува Илија Патриков за член на Управниот одбор на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес.

33. Владата го разреши Илија Патриков од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес.

33.1. Владата го именува Џевдет Садику за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес.

34. Владата го именува Стојанче Кировски за член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје.

35. Владата го разреши Стојанче Кировски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје.

35.1. Владата го именува Али Садику за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје.

36. Владата од должноста членови и вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-П.О. Скопје, ги разреши:

- Марко Данаиловски,
- Ибрахим Синани и
- Јасин Халили од в.д. член.

36.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-П.О. Скопје, ги именува:

- Армен Авдили,
- Фарук Невзади и

- Илир Абдурамани.

37. Владата го разреши Блаже Ужевски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”-П.О. Скопје.

37.1. Владата го именува Фисник Палоши за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”-П.О. Скопје.

38. Владата од должноста член и вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје, ги разреши:

- Емилија Галабовска Биљарска и
- Владимир Стојановски од в.д. член.

38.1.Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје, ги именува:

- Блерим Идризи и
- Ќефни Усеини.

39. Владата го разреши Ивица Михајловиќ од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје.

39.1. Владата го именува Иса Абази за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје.

40. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП Македонска радиодифузија – Скопје, ги именува:

- Небојша Трајковски и
- Марко Михаилоски.

41. Владата го разреши Небојша Трајковски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Македонска радиодифузија – Скопје.

41.1. Владата го именува Сефедин Алити за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Македонска радиодифузија – Скопје.

42. Владата го разреши Миленко Јанчев од должноста член на Управниот одбор од редот на афирмирани и стручни лица на ЈП Службен весник на Република Македонија.

42.1. Владата го именува Беким Мурати за член на Управниот одбор од редот на афирмирани и стручни лица на ЈП Службен весник на Република Македонија.

43. Владата го разреши Георги Трајчев од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Службен весник на Република Македонија.

43.1. Владата го именува Елез Елези за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Службен весник на Република Македонија.

44. Владата го именува Земир Демири за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие "Стрежево" – Битола.

45. Владата ја разреши Ерика Пешкоска од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие "Стрежево" – Битола.

45.1. Владата го именува Мухамед Амзоски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие "Стрежево" – Битола.

46. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје, ги именува:

- Исни Јакупи и
- Андреја Станојковски.

47. Владата го разреши Андреја Станојковски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје.

47.1. Владата го именува Ибраим Деари за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје.

48. Владата од должноста членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, ги разреши:

- Селма Мимидиновска,
- Фадрија Мустафоска и
- Амир Далипоски.

48.1.Владата за членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, ги именува:

- Африм Керкути,
- Лумбад Дураку и
- Дине Исаку.

49. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, ги разреши:

- Дине Исаку и
- Алтин Аме.

49.1. Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, ги именува:

- Руждије Авдулау и
- Дергим Каја.

50. Владата ја разреши Пандора Стеваноска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Крушево.

50.1. Владата го именува Милаим Амеди за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Крушево.

51. Владата го разреши Николче Чавкароски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Крушево.

51.1. Владата го именува Еркан Ајдароски за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Крушево.

52. Владата ја разреши Лидија Николовска Георгиевска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

52.1. Владата го именува Џемаил Јахија за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

53. Владата го именува Урим Алиу за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид.

54. Владата го разреши Нуран Ибрахими од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје.

54.1. Владата го именува Нехат Хусеини за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје.

55. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, ги разреши:

- Васко Попоски и
- Татијана Огненовска.

55.1. Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, ги именува:

- Ндерим Полиси и
- Фадил Шаќири.

56. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, ги разреши:

- Марјан Лазороски и
- Ивана Јованоска.

56.1. Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, ги именува:

- Иќмет Цома и
- Бесим Кадриу.

57. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, ги разреши:

- Валдет Велиу- претставник на основачот и
- Абдулвехап Хусеини од редот на стручните работници во Центарот.

57.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, ги именува:

- Фатмир Таири- претставник на основачот и
- Бесник Ислами- од редот на стручните работници во Центарот.

58. Владата ја разреши Елена Лазаревска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.

58.1. Владата го именува Беким Мемети за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.

59. Владата го именува Нафи Дурмиши за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес.

60. Владата ја разреши Елица Матеска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.

60.1. Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, ги именува:

- Ресим Ејупи и
- Лулзим Селами.

61. Владата го разреши Горан Ангелов од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.

61.1. Владата го именува Газменд Рамадани за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.

62. Владата го одложи за наредната седница предлогот за разрешување и именување членови на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.“

**Точка 39**

**1.** По повод Заклучокот донесен на Шеесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.5.2018 година, точка 25, а во врска со Информацијата за одржувањето на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски

прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој се одржа на 17 октомври 2017 година во Скопје, Владата заклучи Заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

- "2. Се задолжува Министерството за финансии да ја изработи Политиката за јавна внатрешна финансиска контрола 2018 - 2020 и да ја достави до Владата, најдоцна до 30 септември 2018 година".

**2.** Владата по Повикот за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 28.6.2018 година, во 11:00 часот, заклучи:

1) Се овластува Тања Чачарова - Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД – Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 28.6.2018 година, во 11:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2) Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 28.6.2018 година, во 11:00 часот:

- да гласа „ЗА" по однос на точка 1. Измена на Статутот на Друштвото;

- да гласа „ЗА" по однос на точка 2. Промена на членови на Одборот на директори на Друштвото;

- да гласа „ПРОТИВ" по однос на точка 3. Определување на нов месечен надоместок и други права поврзани со вршењето на функцијата претседател на Одборот на директори на Друштвото.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да го извести друштвото Македонски Телеком АД - Скопје за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

**3.** Владата заклучи Министерството за образование и наука на наредната седница да информира за степенот на успешност на полагање на испитот за директори, согласно новиот постоечки Закон за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр.10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016), односно колку од кандидатите што се пријавиле го имаат положено испитот за директори, како и какво е искуството во другите земји во однос на ова прашање.

**4.** Владата го симна од Дневен ред Барањето за финансиска поддршка за одбележување на 40 годишнината од првиот Илинденски марш.

**5.** Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање Комисија за следење на постапките во врска со процесот за денационализација, во предложениот текст.

**6.** Согласно Известувањето на Министерството за труд и социјална политика бр.09-7358/1 од 25.6.2018 година, Владата заклучи Заклучокот бр.3 од подточката – Подобрување на квалитетот на услугите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија од Деведесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017 година, точка 6 - Прашања и предлози, кој е изменет на 42-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.12.2017 година (точка 60) да се измени, во насока рокот за информирање во врска со активностите за склучување на договори за социјално осигурување наместо 26.06.2018 да биде 30.11.2018 година."

**7.** Владата го прифати Барањето од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за изменување на Заклучок број 2 донесен по точка 34, од 71-та седница на Владата, одржана на 5.5.2015 година и заклучи претседателот на Владата на Република Македонија, да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Австриската Сојузна Влада за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

**8.** По повод укажувањата на Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а во врска со Одлуката за одобрување средства од Буџетот на Владата на Република Македонија (раздел 04001), донесена на 75-та седница на Владата, одржана на 19.6.2018 година, Владата ги задолжи Министерството за надворешни работи и Кабинетот на Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, за наредната седница на Владата да подготват и да достават детален извештај за тоа кој има добиено финансиски средства наменети за финансирање на проектите од интерес на македонското национално малцинство (МНМ) и македонската дијаспора и за која намена истите ќе бидат потрошени.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 18.6.2018 година до 24.6.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи, заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на проектот „Надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за финансии - Царинската управа повеќе да не доставува до Владата вакви информации, поради тоа што Проектот е реализиран во целост.

**Точка 41**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници – Транспорт АД – Скопје за период 1.10. – 31.12.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2018 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на АД МЕПСО во трет квартал (јули - септември) од 2017 година, со дополнување кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на АД МЕПСО во четврт квартал (октомври-декември) од 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да и препорача на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија да пристапи кон подготовка на Акциски план со точно дефинирани рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на регуларност за 2016 година, во функција на надминување на утврдените состојби.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите за изградба на фекална канализација во населено место Сопиште и на локалитетот Сончев град и одведување на урбаните отпадни води кон постојните канализациски мрежи во Општина Кисела Вода и Општина Аеродром, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на активностите за изградба на системот за водоснабдување за дел од населените места во Општина Сопиште-Регионален водовод Патишка Река, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите за доизградба на канализациона мрежа во Ѓорче Петров, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Извештајот на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема (ВВО) за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2017 година, го усвои Годишниот извештај и заклучи согласно член 27 став 1 од Законот за јавен долг да го достави до Собранието на Република Македонија, за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Брест Општина Штип, КО Дамјан Општина Радовиш, КО Долна Враштица и КО Горна Враштица Општина Конче, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Брест Општина Штип, КО Дамјан Општина Радовиш, КО Долна Враштица и КО Горна Враштица Општина Конче, со заклучок Образложението на Предлог-одлуката да се усогласи со текстот на Одлуката, во однос на катастарските парцели под 8, катастарската класа 7 и 8 и дека се работи за плодно земјиште.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 13:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |